Борче К. Илијоски е прилепчанец кој што моментално, со својата сопруга и ќеркичка, живее во Штип. Тој по професија е дипломиран машински инжинер, но она што навистина е интересно за него е неговото хоби – стрип колекционерството.

**1. Се сеќаваш ли кога беше твојот прв контакт со стрипот?**

- Интересот за стриповите ми го пренесе мојот покоен дедо, татко на мојата мајка. Се сеќавам многу добро дека, кога имав околу 10 години ми донесе стрип со Капетан Мики. Ме заинтересираа тие сликички и облачиња. За кратко време се вљубив во нив и ете таа љубов трае веќе 20 години.

